Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0064
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 02. 06. 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 24 | 623/1 | | |

**До**
**Единица за локална самоуправа**

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилството, во рамките на проектот „На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во согласност со ЕУ стандардите" спроведува мониторинг на Националниот акциски план за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство (Истанбулска Конвенција). Владата на Република Северна Македонија на деведесет и третата седница одржана на 9.10.2018 година го усвои Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската Конвенција (2018-2023) и ги задолжи сите надлежни министерства и релевантни институции да подготват годишни Оперативни планови за спроведување на активностите од НАП-от и да ги објават на своите ВЕБ страници.

**Во декември 2020 година Националната Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство го публикува Извештајот за напредокот на Р.Северна Македонија при спроведувањето на националниот Акциски План (2018-2023) за имплементација на Истанбулската Конвенција(ИК) за период од 2 (две) години и тоа од октомври 2018 до октомври 2020 година** http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/NAP-finalen.pdf.

**Согласно усвоениот Национален Акциски План (2018-2023) (НАП) во ЦЕЛ 3, а се однесува на превенцијата од родово базирано насилство и семејно насилство вие како единици за локална самоуправа(ЕЛС) сте носители за спроведување на определени активности.**

**Во насока на спроведување на гореспоменатиот мониторинг, Национална мрежа има потреба од информации од јавен карактер во врска со спроведувањето на активностите предвидени во НАП-от(2018-2023) за ИК 2019, 2020г иза 2021 година од јануари заклучно до 31.мај.**

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. **Дали Единицата за локална самоуправа изработи Годишен оперативен план за имплементација на активностите предвидени во НАП-от за ИК за 2019, 2020 и 2021 година? Доколку да, дали се достапни на веб страната? Ве молиме доставете ги или прикачете линк од нивната објава.**

2. **Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родови улоги во урбани и во рурални средини за 2019 година, 2020 година и 2021 година заклучно до 31 мај?**
   - **Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано, дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано.**
   - **Доколку имате објавено на социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава.**

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Ул. Коста Кирков Бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

**3. Дали во Вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да ги подготвите или дел да ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?**

**-Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планираните нови документи каде би ја вклучиле.**

4. **Доколку некои од предвидените активности за 2019/2020 заклучно до мај 2021 година не се спроведени согласно вашата програма за работа, ве замолуваме да ни доставете информации зашто истите не се реализирани и кога и како се планира нивно спроведување? Дали истите планирате да ги спроведете во тековната 2021 година?**

5. **Дали вашата општина аплицира на Јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поддршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит Бр: 8902 –МК )[1]?**

   **-Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете за кој вид на социјални услуги ви беше проектна апликација.**

   **-Дали ви беше одобрен грант по овој јавен повик?**

   **-Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите во проектот.**

**Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да ги контактирате електронски Лицата за контакт и тоа:**

**Ана Аврамоска Нушкова avramoska@glasprotivnasilstvo.org.mk и**

**Сандра Дуковска Новковска dukovska@glasprotivnasilstvo.org.mk**

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса: coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk.

**Ви благодариме за соработката,**

Со почит,

Елена Димушевска

*Извршна директорка*
*Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство*

[1] https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-123javen-povik-do-opshtinite-i-opshtinite-vo-gradot-skopje-vo-republika-severna-makedonija-da-izraza.nspx

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-623/2
17.06 2021 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
Ул.„Јаким Стојковски" бр.1
Тел:032 483 131; факс: 032 483 047
***www.probistip.gov.mk***

---

**ДО**
**Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство**
**Ул.Коста Кирков бр.5/1-9А**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање;**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.24-623/1 од 02.06.2021 година, со кое барате општина Пробиштип да Ви ја достави бараната информација во електронски запис по е-маил и тоа:

1. Дали Единицата за локална самоуправа изработи Годишен оперативен план за имплементација на активностите предвидени во НАП-от за ИК за 2019,2020 и 2021 година? Доколку ДА,дали се достапни на веб страната? Ве молиме доставете ги или прикачете линк од нивната објава.

   Општина Пробиштип активностите за семејно насилство ги има предвидено во програмата за еднакви можности на жените и мажите и Програма за социјална заштита.

2. Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родова еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги во урбани и рурални средини за 2019година, 2020 година и 2021 година заклучно со 31 мај? Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано, дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано. Дали имате објавено на социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава.

   Во програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2019 година беше предвидена активност за Заштита од семејно насилство и се реализираше следното:
   -„Заштита од семејно насилство" по повод 16 дена активизам за борба против семејното насилство каде беше организирано предавање на тема Превенција од семејно насилство и целна група беа учениците од Средното Општинско училиште „Наум Наумовски Борче „. Оваа

активност беше спроведена во соработка со Полициската станица Пробиштип заедно со психолошко-педагошката служба при училиштето.
- Активност на тема Превенција од врсничко насилство. Целна група беа учениците од прва и втора година со учество на професорите по македонски јазик , ликовна уметност и физичко воспитание . Активноста ја реализираа учениците пропратени со дефиле, пароли и пораки до Градскиот плоштад кои на симболичен начин зборуваа за врсничкото насилство;
-Во програмата на КЕМ за 2020 година имаше предвидено активност – Организирање на едукативни предавања или работилници на тема за Семејно насилство, сите видови на насилство, но поради состојбата со Ковид 19 не се реализзираше.
-Во програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2021 година има предвидено активност – Социјална заштита на лица жртви на семјно насилство и трговија со луѓе , предвидено да се реализира преку организирање на предавања и трибини во соработка со НВО, Центар за социјална работа , полиција , здравство, образование.

3. Дали во Вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да ги подготвите или дел да ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планирате нови документи каде би ја вклучиле.

   Општина Пробишти има предвидено активност во програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2021 година и еднаквите можности. Во програмата за еднакви можности за жените и мажите за 2021 година предвидени се активности согласно локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите. Имаме предвидено активност – Покренување иницијативи и утврдување на цели на соработка со сродни комисиии и идентификување на партнери за свикување на состанок за потпишување на меморандум за соработка. Се надеваме дека оваа 2021 година ќе успееме да направиме план, програма за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство.

4. Доколку некои од предвидените активности за 2019/2020 заклучно до мај 2021 година не се спроведени согласно вашата програма за работа,ве замолуваме да ни доставите информации зошто истите не се реализирани и кога и како се планира нивното спроведување? Дали истите планирате да ги спроведете во тековната 2021 година?

   Дел од предвидените активности во 2020 година поради пандемијата со Ковид 19 не се реализиаа и истите и дополнително други се предвидени во програмите за 2021 година и се надеваме на реализација на истите.

5. Дали вашата општина аплицира на јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит Бр.8902-МК) ? Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете за кој вид на социјални услуги ви беше проектна апликација. Дали ви беше одобрен грант по овој јавен повик? Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите во проектот.

   Да општина Пробиштип аплицираше на јавниот повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит Бр.8902-МК) за „креирање на нови места во установите за згрижување и воспитание на деца преку изградба на нови објекти или преку проширување, надградба или адаптација на постоечки објекти и нивна пренамена како простории за згрижување и воспитување на децата на предучилишна возраст" за ЈОУГД„Гоце Делчев" во Пробиштип. За изведувач е избран Конструктор ДОО Скопје и иститe се воведени во работа на 23.04.2021 година и во тек е изведбата.

Изготвил: Анкица Ѓеновска______________
Одобрил: Јованка Данева______________

17.06.2021 година
Пробиштип

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-623/3
17.06 2021 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на РМ бр. 101/19 од 22.05.2019 година) Градоначалникот на Општина Пробиштип го изготви следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрено барање за пристап до информација од јавен карактер

На **Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство Ул.Коста Кирков бр.5/1-9А, Скопје** позитивно им се одобрува барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено во Општина Пробиштип под број бр.24-623/1 од 02.06.2021 година.

Информацијата содржи:

1. Дали Единицата за локална самоуправа изработи Годишен оперативен план за имплементација на активностите предвидени во НАП-от за ИК за 2019,2020 и 2021 година? Доколку ДА,дали се достапни на веб страната? Ве молиме доставете ги или прикачете линк од нивната објава.
2. Дали имате спроведено активности за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родова еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги во урбани и рурални средини за 2019година, 2020 година и 2021 година заклучно со 31 мај? Доколку одговорот е ДА, ве замолуваме да наведете колку локални трибини, средби со населението имате одржано, дали имате дистрибуирано материјали, каде ги имате одржано, колку населени места имате опфатено и колку граѓани имате информирано. Дали имате објавено на социјалните медиуми или на Вашата веб страна ве молиме пратете линк од нивната објава.
3. Дали во Вашите постојни документи, но и во идните документи кои планирате да ги подготвите или дел да ревидирате имате воведена стратешка цел за спречување и заштита на сите форми на насилство врз жени и семејно насилство?Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете ги постојните документи каде е вклучена оваа стратешка цел или планирате нови документи каде би ја вклучиле.
4. Доколку некои од предвидените активности за 2019/2020 заклучно до мај 2021 година не се спроведени согласно вашата програма за работа,ве замолуваме да ни доставите информации зошто истите

не се реализирани и кога и како се планира нивното спроведување? Дали истите планирате да ги спроведете во тековната 2021 година?

5. Дали вашата општина аплицира на јавниот Повик објавен од страна на Министерството за труд и социјална политика во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) со финансиска поршка од Меѓународната Банка за обнова и развој (Кредит Бр.8902-МК) ? Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете за кој вид на социјални услуги ви беше проектна апликација. Дали ви беше одобрен грант по овој јавен повик? Доколку ДА, ве молам наведете кратко како се спроведуваат активностите во проектот.

ПРАВНА ПОУКА:Против Решението на Градоначалникот на Општина Пробиштип може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап.

**Изготвил:Анкица Ѓеновска**
**Одобрил: Јованка Данева**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Драган Анастасов**